Врз основа на членовите 94 став 1 алинеја 21 од Законот за високото (Сл. Весник на РМ бр82/2018) и во согласност со член 138 став 2 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, Универзитетскиот сенат, на седница одржана на 30.09.2021 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Овој Правилник непосредно ќе се применува на факултетите и институтите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

**Член 2**

Високообразовната и научноистражувачката дејност на факултетите и институтите ја остваруваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања.

Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, и соработничко звање, за времето за кое е избрано.

По исклучок, високообразовна дејност на студии од прв, втор и трет циклус може да врши и лице избрано во научно, односно соработничко звање, според еквивалентноста на звањата утврдени со Законот за високото образование.

**Член 3**

На факултетите лицата се бираат во наставно-научните звања: доцент, вонреден професор и редовен професор.

**Член 4**

Изборот на доцент, вонреден професор, како и изборот во соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот.

Изборот на редовен професор и редовен професор во трајно звање го врши Универзитетскиот сенат на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, по предлог на наставно- научниот совет на факултетот.

**Член 5**

На факултетите можат да се избираат лица и во звањата насловен доцент и насловен вонреден професор, според услови и во постапка утврдени со овој Правилник.

**Член 6**

На факултетите на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.

**Член 7**

Соработниците на факултетите се избираат во звање ассистент.

**Член 8**

На факултетите се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии, под услови и постапка утведени со закон.

**Член 9**

Изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања се врши според услови и критериуми утврдени со закон, овој Правилник.

Рецензентската комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### *Критериуми за избор во наставно-научни звања*

**Член 10**

Покрај критериумите за избор во наставно-научни звања предвидени со Закон и Статут, изборот на кандидати во наставно-научно звање се врши и во согласност со критериумите предвидени со овој Правилник.

**Член 11**

**Доцент**

Во звање и на работно место доцент со мандат од 5 (пет) години може да биде избран кандидат кој ги исполнува следните услови:

- научен степен доктор на науки од научната област во која се избира,
- просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,
- објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во референтна научна публикација, согласно закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор,
- има познавање на англиски јазик, што се докажува со проверка од страна на универзитетот
- способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност, и

**Член 12**

**Вонреден професор**

Во звање и на работно место вонреден професор со мандат од 5 (пет) години може да биде избран кандидат, кој ги исполнува следните услови:

- научен степен доктор на науки од научната област во која се избира,
- просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно,
- објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во референтна научна публикација согласно закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор,
- да бил претходно избран во наставно-научно звање доцент
- кое покажало способност за изведување на високообразовна дејност, и
- позитивна оценка од самоевалуацијата.

**Член 13**

**Редовен професор**

Во звање и на работно место редовен професор со мандат од 5 (пет) години може да биде избран кандидат, кој ги исполнува следните услови:

- научен степен доктор на науки од научната област за која се избира,
- објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор,
- има објавен рецензиран учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира и

- има способност за изведување на високообразовна дејност, и
- позитивна оценка од самоевалуацијата.

**Член 14**

Лицата кои се избираат во звања, мора да имаат објавени научни трудови (а2), како и посебни трудови објавени во меѓународно признати списанија и публикации (а1) според следната структура:

| ЗВАЊЕ | Бодови А1 | Бодови А2 |
|---|---|---|
| Доцент | 10 | 8 |
| Вонреден професор | 15 | 10 |
| Редовен професор | 20 | 12 |

Каде што:

**А1 трудови**

Меѓународно признати списанија и публикации (А1) се сметаат оние списанија и публикации кои се објавени во соодветната област на базата на Web of science, Scopus и Ebsco, Emeerald, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование и носи вкупно 5 бода.

За научно дело (А2) кое носи вкупно 2 бода, се смета:

a) труд објавен во списание и категоризиран како оригинален научен труд, прегледен труд или претходно соопштение,
b) поглавје во книга
c) Труд во зборник од научен собир, ако е објавен во целост.

Не повеќе од еден труд што е прифатен за објавување може да биде признаен како што е објавен, но само со потврда на уредувачкиот одбор на списанието или публикацијата дека е истата прегледана и прифатена за објавување.

**А2 трудови**

Како објавени ( А 2 ) научни и стручни трудови со кои се потврдува владеењето на проблематиката во областа во која се избира лицето во звање се сметаат трудови објавени во научни и во стручни списанија, како и во други публикации кои се од значење за развојот на науката и струката.

Како научни и стручни списанија и други публикации се сметаат оние во кои објавените трудови подлежат на рецензија и се класифицирани како изворни научни и стручни трудови, како и поголем број трудови објавени во списанија и зборници што ги издаваат одделни институции.

Меѓународно научно списание е списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови

Меѓународна научна публикација од А2 научни и стручни трудови се смета и:

- стручно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или

- книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД или

- зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји или

- преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.

Изборот во научни звања се врши според критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања.

***Критериуми за избор во наставно-стручни звања***

**Член 15**

За **лектор** може да биде избрано лице кое има завршено постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) или академски студии од втор циклус од научната област во која се избира и покажува способност за наставна и високостручна работа, има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

За **виш лектор** може да биде избрано лице кое има завршено постдипломски магистерски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените) или академски студии од втор циклус од научната област во која се избира, има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, бил претходно избран во звањето лектор на високообразовната установа, има објавено најмалку 5 научни и/или стручни трудови и покажува способност за наставна и високостручна работа.

***Критериуми за избор во насловни звања***

**Член 16**

Во звањето **насловен доцент** или **насловен вонреден професор** може да биде избрано лице кое претставува афирмиран научен работник, афирмиран стручњак од практиката, или соработник на факултетот, доколку ги исполнува условите за избор во редовно звање - доцент или вонреден професор, а доколку на факултетот нема слободно место за избор во соодветното звање.

Потребата од избор на лице во насловно звање со одлука ја утврдува наставно-научниот совет на факултетот.

**Член 17**

Лице избрано во научно звање може да биде избрано во исто или повисоко насловно односно наставно-научно звање доколку ги исполнува критериумите за избор во звање утврдени со овој Правилник. Времето поминато во научно звање се смета за време поминато во насловно звање.

**Член 18**

Обемот и видот на учеството во наставно-образовниот процес на лицето избрано во насловно звање се утврдуваат со одлука на наставно-научниот совет на факултетот.

**Член 19**

Изборот во насловни звања се врши според критериумите и постапката за избор во звањата доцент и вонреден професор.

***Критериуми за избор во соработнички звања***

**Член 20**

За **асистент** може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,
2. има стекнато назив магистер од соодветната област,
3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно,

4. има познавање на англиски јазик што се докажува со проверка од страна на универзитетот.

Истите критериуми од став 1 на овој член се применуваат и при избор во звања соработници-истажувачи на научните институти на универзитетот.

**Член 21**

Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.

За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).

Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на истата единица на универзитет.

Условот и постапката за избор на демонстратори ја утврдува Наставно-научниот совет на факултетот.

## ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Член 22**

Оценката од самоевалуацијата, добиена врз основа на спроведени анкети на студентите од сите циклуси во кои наставникот изведува настава, се зема предвид при изборот во наставно-научно звање и претставува составен дел на извештајот на рецензентската комисија.

Анкетатите од претходниот став, по правило, се спроведуваат по завршување на семестарот, односно пред запишување на наредниот семестар.

Анкетата ја спроведува комисијата за самоевалуација на соодветната единица. Извештајот за спроведените анкети се подготвува во рок од 30 дена од спроведувањето на анкетите.

Извештајот од анкетата содржи: Име на наставникот, предмет, циклус, број на запишани студенти, број на анкетирани студенти, просечни оценки по прашањата 1-9 од анкетниот лист (согласно со предметната програма), за секое прашање одделно, средна оценка за секој предмет и кумулативна оценка (позитивна/негативна) за секој наставник.

## ПОСТАПКА И НАЧИН НА ИЗБОР

**Конкурс за избор**

**Член 23**

Одлука за распишување конкурс за избор во звање донесува Наставно-научниот совет на факултетот, најрано седум, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во звање.

Времето за распишување конкурс од став 2 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи.

Конкурсот се распишува за избор во сите наставно-научни звања, а се објавува во дневен весник

**Член 24**

Конкурсот трае 8 дена од денот на објавувањето.

**Член 25**

Конкурсот за избор во звање задолжително содржи:

а. Целосен назив на Универзитетот

б. Звање и вид на работен однос за кој се распишува конкурс

в. Соодветна наставно-научна област, за која се избира лицето, утврдена со Класификацијата на научни подрачја, полиња и области (дисциплини), според стандардите на ОЕЦД

г. Условите кои треба да ги исполнат кандидатите

д. Прилози кои треба да ги содржи пријавата

ѓ. Рок на поднесување на пријави

е. Предупредување дека непотполни и ненавремени пријави нема да бидат разгледувани.

ж. Други услови утврдени со закон.

**Член 26**

Постапката по конкурсот за избор во звања на факултетите и институтите трае најмногу 6 месеци.

Рокот од претходниот став започнува да тече наредниот ден од денот на објавување на конкурсот. Рокот не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

Доколку постапката не заврши во предвидениот рок од став 1 на овој член, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

***Рецензентска комисија***

**Член 27**

Рецензентската комисија ја формира Наставно-научниот совет на факултетот во рок не подолг од 30 дена од денот на завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Рецензентската комисија се состои најмалку од три члена. Членовите на рецензентската комисија можат да бидат од факултетот во кој се врши изборот, од други факултети и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во земјата.

Член на рецензентска комисија, под истите услови определени со закон за членови на рецензентска комисија, може да биде и лице од акредитирана високообразовна установа од странство со која Универзитетот има потпишано договор за меѓусебна соработка.

Членовите на рецензентската комисија не можат да бидат во пониски звања од звањето во кое се избираат кандидатите.

Членови на рецензентската комисија можат да бидат и пензионирани лица во наставно-научното звање редовен професор, односно научен советник, согласно со овој Правилник.

**Член 28**

Повеќе од половината од членовите на рецензентската комисија ја сочинуваат лица во наставно-научни звања од истото наставно-научно подрачје во наставно-научната област во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно-научна област.

Соодветноста и сродноста од став 1 на овој член ја утврдува Наставно-научниот совет, врз основа на научните области, подрачја и наставни дисциплини утврдени од Универзитетот.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член соодветно се применуваат и за составот на рецензентската комисија за избор во соработнички звања, така што за член на рецензентската комисија за избор во соработничко звање, покрај лице избрано во наставно-научно звање, може да биде и лице избрано во научно звање.

**Член 29**

Деканот на факултетот во рок не подолг од 8 дена ги известува членовите на рецензентската комисија и им ја доставува целокупната документација.

**Член 30**

Рецензентската комисија на факултетот, поднесува реферат за сите пријавени кандидати.

Покрај елементите од членот 33 од овој Правилник, рефератот содржи:

- предлог за избор во звање кога од кандидатите кои ги исполнуваат условите за избор во звање се предлага еден и се предлага звањето во кое може да биде избран;
- предлог за неизбор кога ниеден од пријавените кандидати не ги исполнува условите за избор во звање.

Рецензентската комисија поднесува реферат и во случај кога нема предлог од став 1 на овој член, односно рефератот содржи издвоени мислења на членовите на комисијата.

**Член 31**

Рецензентската комисија е должна да поднесе реферат во рок од 3 месеци од денот на доставувањето на документацијата од член 29 на овој Правилник.

Доколку рецензентската комисија не поднесе реферат во рокот утврден во став 1 на овој член, се формира рецензентска комисија со променет состав.

Предлог за формирање нова рецензентска комисија поднесува деканот, односно директорот, а одлука донесува Наставно-научниот совет.

**Член 32**

Рецензентската комисија го донесува предлогот од член 30, став 2, алинеи 1 и 2 со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Член на рецензентската комисија може да има издвоено мислење.

**Член 33**

Рефератот на рецензентската комисија задолжително ги содржи општите одредби поврзани со објавениот конкурс, биографски податоци на кандидатот, податоци за научнота и стручната дејност на кандидатите, заклучок, мислење и предлог, во прилог - попис на објавените научни и стручни трудови, како и наведена оценка за настапното предавање (во случаите кога е потребно) и оценка од самоевалуацијата.

Рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски јазик.

Доколку еден од членовите на рецензентската комисија е од странски универзитет, рефератот, односно извештајот, се пишува на македонски и на англиски јазик.

**Член 34**

Факултетот е должен, во рок од 3 работни дена, да го достави рефератот на рецензентската комисија до Универзитетот, заради објавување во Билтенот на Универзитетот на веб-страницата на Универзитетот.

Објавувањето се врши најмалку 15 дена пред денот на изборот.

**Член 35**

Доколку постои издвоено мислење на член на рецензентската комисија по предлогот за избор на кандидатот, мислењето, заедно со рефератот, се објавува во Билтенот на Универзитетот.

**Член 36**

Во рок од 8 дена од денот на објавувањето на рефератот на рецензентската комисија во Билтенот на веб-страницата на Универзитетот, лица - учесници во постапката, наставно-научни и научни работници, наставници и соработници од факултетот и од соодветна наставно-научна област на други високообразовни установи можат да поднесат приговор на објавените реферати за избор во наставно-научни и соработнички звања.

**Член 37**

Рецензентската комисија дава одговор на приговорот во рок од 8 дена од денот на поднесувањето на приговорот.

Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот и се доставуваат до Наставно-научниот совет, односно научниот совет 7 дена пред одлучувањето по рефератот за избор во соодветно звање.

По приговорот одлучува Наставно-научниот совет на факултетот.

Ако Наставно-научниот совет на факултетот го усвои приговорот од став 3 на овој член, се формира рецензентска комисија во променет состав, а ако не го усвои приговорот, се распишува нов конкурс.

**Член 38**

Доколку рецензентската комисија утврди дека приговорот е злонамерен или со него се повредува достоинството на учесниците во постапката или на рецензентите, или се навредува јавниот морал, за објавувањето на приговорот одлучува деканот, односно директорот.

*Одлучување за избор*

**Член 39**

Изборот на редовен професор по предлог на Наставно-научниот совет го врши Универзитетскиот сенат.

Ако рецензентската комисија утврди предлог за избор во звањето редовен професор, деканот на факултетот, предлог-одлуката на Наставно-научниот совет, заедно со целокупната документација ја доставува до Универзитетскиот сенат.

**Член 40**

Доколку лицето кое е предложено за избор во звањето редовен професор не биде избрано во тоа звање, постапката се поништува.

**Член 41**

Изборот на кандидатите во наставно-научни и соработнички звања го врши Наставно-научниот совет на факултетот, врз основа на оцената во рефератот на избраната рецензентска комисија.

Наставно-научниот совет на факултетот, изборот на кандидатите во наставно-научно звање го врши доколку се присутни две третини од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите.

Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите.

При изборот во наставно-научни звања не учествуваат студентите, членови на Наставно-научниот совет.

**Член 42**

Наставно-научниот совет на факултетот, изборот во соработничко звање го врши доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет. Лицето е избрано ако добие мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Член 43**

Ако при изборот во повисоко звање кандидатот не го добие потребното мнозинство, повторно се гласа за избор во звањето во кое се наоѓа.

На наставно-научните работници кои не се избрани во повисоко звање, односно не се избрани во истото звање, им престанува работниот однос.

**Член 44**

Наставно-научниот совет одлучува за изборот по предлогот на рецензентската комисија. Ако рецензентската комисија нема предлог за избор во звање или ако Наставно-научиот совет не изврши избор, се распишува нов конкурс.

**Член 45**

Сите наставници по истекот на рокот за кој се избрани подлежат на повторен избор односно редовно напредување, согласно одредбите на овој Правилник.

Деканот е должен да покрене постапка за повторен избор (реизбор) односно редовно напредување најрано седум, а најдоцна шест месеци пред истекот на рокот на наставно-научното звање на наставникот.

## ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ИЗБРАНИ

**Член 46**

Лицето кое не е избрано има право на приговор до Универзитетскиот Сенат, во рок од 8 дена од денот на известувањето за одлуката на избор.

Сенатот во рок од 30 дена по доставувањето на приговорот, формира комисија од 3 члена - редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот

на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа, со задача да даде одговор по наводите во приговорот.

.Член на оваа комисија не може да биде член на рецензентската комисија по чиј реферат Наставно-научниот совет одлучувал.

**Член 47**

Комисијата во рок од 15 дена поднесува извештај во кој дава оцена за изборот.

Комисијата може да предложи лицето да биде избрано во звањето во кое претходно било избрано, да предложи избор во повисоко звање или да предложи да се прифати одлуката на Наставно-научниот совет.

**Член 48**

Сенатот во рок од 30 дена од поднесувањето на извештајот на комисијата донесува одлука по приговорот.

Универзитетскиот сенат може полноважно да одлучува доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на членови избрани во наставно-научни звања, а одлучува со мнозинство од присутните лица избрани во наставно- научни звања.

Одлуката на универзитетскиот сенат е конечна.

## ПРИСТАПНО ПРЕДАВАЊЕ

**Член 49**

Кандидатот кој за првпат се бира наставно-научно звање мора да има позитивно оценето пристапно предавање пред наставниците и студентите.

Оценката на настапното предавање ја врши Рецензентската комисија на начин утврден од страна на Наставно-научниот совет на единицата на која се врши избор.

Настапно предавање на кандидатите од став 1 на овој член може да се одржи само доколку истите ги исполнуваат останатите услови утврдени со закон, статут и останатите акти на универзитетот.

Писмената оцена за настапното предавање се приложува во извештајот на Рецензионата комисија за избор на кандидатот во соодветното звање. Оценката на настапното предавање задолжително содржин проценка на способностите на кандидатот кои се однесуваат на:

- Стручната компетентност на предавачот,
- Дидактичките способности на предавачот,
- Побудување интерес за предметот,
- Примерност на изнесеното градиво и пристап соодветно на годината на студирање,
- Вештини за јавно говорење,
- Користење на наставни помагала,
- Други забелешки.

Кандидатот кој нема да добие позитивна оценка на настапното предавање, не може да биде избран во звање.

Кандидатите кои се во постапка на реизбор или избор во повисоко звање мораат да приложат позитивна оценка од институциското истражување на квалитетот на својата наставна работа, позитивно мислење на односниот Наставно-научен совет за подрачјето, како и позитивна оценка на резултатите од студентската анкета која ја спроведува универзитетот.

## ПРЕДВРЕМЕНО ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ

**Член 50**

Лицето избрано во наставно-научно и соработничко звање е должно постојано научно да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната и научноистражувачката дејност, да придонесува за создавање наставно-научен, подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно примената на научната, дејност за која е избран.

На лицето избрано во наставно-научно и соработничко звање може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано, под услови и постапка

утврдени со закон и со овој Правилник, ако се утврди дека подолго време не ги исполнува обврските, ако ги попречува законските и статутарните активности на факултетот, Универзитетот, или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во установата, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот.

На лицето избрано во наставно-научно и соработничко може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано и во други случаи и постапка утврдени со закон.

**Член 51**

Иницијатива за предвремено престанување на изборот може да покрене ректорот на Универзитетот, деканот на факултетот, односно директорот на научниот институт, внатрешна организациона единица на факултетот, односно институтот, или најмалку 5 наставно-научни, односно научни работници од факултетот, односно институтот.

**Член 52**

Иницијативата од претходниот лен ја разгледува Наставно-научниот совет на Факултетот.

Доколку Наставно-научниот совет на факултетот ја прифати иницијативата, формира комисија составена од 3 редовни професори, од кои 2 се од соодветната наставно-научна област во која е избран кандидатот, со задача да изготви реферат за предвремено престанување на изборот.

**Член 53**

Одлуката за престанок на изборот и работниот однос пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно и соработничко звање донесува Наставно-научниот совет, врз основа на реферат на комисија составен од три редовни професори.

Лицето избрано во наставно-научно звање, во рок од 8 дена од приемот на одлуката, има право на приговор до Наставно-научниот совет.

Ако приговорот биде одбиен, лицето, во рок од 8 дена од приемот на одлуката по приговорот, има право на жалба до Универзитетскиот сенат, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа во состав на Универзитетот. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за изборот.

Одлуката на Универзитетскиот сенат е конечна и против неа може да се поднесе судска постапка.

**ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР ВО НАСЛОВНИ ЗВАЊА**

**Член 54**

Во соодветно наставно-научно и соработничко звање може да се избере и лице без склучување на договор за вработување, доколку ги исполнува условите за избор во соодветното звање, ако учествува или ќе учествува во дел или во целата настава на одреден предмент (т.н. насловно звање).

Постапката за избор во насловно звање е истоветна со постапката за избор во наставно-научно и соработничко звање и се спроведува во согласност со закон, Статутот на Универзитетот и овој Правилник.

**ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ**

**Член 55**

Одредбите од овој Правилник за постапката за избор во звање соодветно се применуваат и за постапката за предвремено престанување на изборот.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 56**

Започнатите постапки за избор во наставно-научни и соработнички звања пред стапувањето во сила на овој Правилник ќе завршат според условите, критериумите и постапката што важеле во времето на нивното започнување.

**Член 67**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник на Универзитетот.

**Претседател на Сенат**

**доц. д-р Дејан Наковски, с.р.**